Република Северна Македонија
Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев

Советување на тема:

# „ Правните лекови во постапките за упис во трговскиот регистар во корелација со правната заштита предвидена до Законот за трговските друштва и другите закони “

11 ноември 2020 година
Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев

## Законот за трговските друштва – осврт на заедничките одредби за трговскиот регистар и постапката за упис (стварна надлежност, постапка за упис, пријава за поведување на постапка, испитување на пријавата

- Осврт на акционерските друштва – како форма на трговско друштво; Основање – Акционери; Акции и права; Органи на управување на АД – то; Собрание на АД – тво, надлежност и одлуки;
- Тужба за утврдување на ништовност на упис – правен интерес?
- Ништовност и побивање на одлуката на Собранието;
- Привремена мерка – запирање од извршување на одлуката;

## Закон за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица со осврт на:

- Централен регистар - водење на трговскиот регистар и на регистарот на други правни лица - заеднички одредби;
- Регистратор – поим , овластувања и обврски на регистраторот;
- Податоци што се запишуваат; Постапка за упис во регистар; Поведување на постапката; Подносител на пријавата; Поднесување на пријавата; Разгледување на пријава; Решение за упис;
- Право на жалба и надлежност за решавање по жалба;
- Примена на закон и судска заштита (ЗОУП и Закон за управните спорови)

## Хартиите од вредност и пазарот на капитал во Република Северна Македонија - вовед и карактеристики:

- Осврт на релевантна регулатива: Закон за хартии од вредност, Закон за преземање на акционерски друштва, Закон за инвестицски фондови, Закон за девизно работење - посебни управни постапки;
- Акционерски (инвеститорски) права;
- КХВ – стварна надлежност, овластување за вклучување на постапка пред суд;

# Отворени прашања поврзани со правната заштита во управна и судска постапка:

- Активна легитимација за правна заштита во посебна управна постапка, преку постапката за упис во Централниот регистар до Управен суд;
- Странечката легитимација – дали се утврдува во жалбените постапки при оспорувањето на упис? Дали и кога не се решава за права, правни интереси или обврски (неовластено) се остварува правото на жалба?
- Правна неизвесност и правна несигурност од воспоставена пракса во постапките кои се водат во Централниот регистар и во Комисијата за жалби наспроти континуитетот во деловното работење на компаниите;
- Поништувањето на упис во управна постапка – правни последици, враќање во првобитна состојба?
- Вкрстување (испреплетување) на правна заштита во управна и во судска постапка со осврт на активната легитимација на странка во постапката и нејзиниот правен интерес